„Кога ќе одиш на сеџда, постави ги дланките на земјата и подигни ги лактите.“

Ел-Бера, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога ќе одиш на сеџда, постави ги дланките на земјата и подигни ги лактите.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, појаснил како треба да биде положбата на рацете при одењето на сеџда во намазот, така што дланките цврсто се поставуваат на земјата, со споени прсти насочени кон киблата, а лактите – зглобовите меѓу подлактицата и надлактицата – треба да бидат подигнати од земја и раширени од бочните страните на телото, без да ја допираат земјата.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10927